| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Зимски радости |
| **Содржина на денот** | Снежен Снешко – печатење |
| **Возраст** | 3 – 4 години |
| **Воспитувач** | Александра Дедес Трајковски |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Усвојување на здрави и безбедни навики при користење на ликовните материјали.<br>Поттикнување на детето за учество во креативни активности. |
| **Активности** | Активност со детето може да ја започнете со разговор за убавините кои ги носи годишното време зима, за снегот во зима, за снежните игри и за се што може да направиме со него.<br>Со детето заедно може да разгледувате фотографии и апликации со зимски мотиви, а потоа да му понудите една интересна активност која сигурно ќе го задржи неговото внимание ,а тоа е ликовната техника печатење со темперни бои – „Снежен Снешко“.<br>За да ја реализирате активноста ќе ви биде потребна бела темперна боја, листови во боја, црн фломастер, лепак, пом-пом сунѓерче и самолеплива хартија (прилог слика бр.8).<br>Верувајте дека детето ќе ужива во активноста ,откако ќе завршите со неа, готовата изработка може да ја закачите на одредено место во вашиот дом и таа да придонесе за целокупното Ваше новогодишно расположение. |